Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT
KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 01-868/3
12.11. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

# СОДРЖИНА

I. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ........ 3

1. Административно - правни работи ........ 3

1.1 Правни акти ........ 3

1.2 Активности поврзани со работни односи ........ 3

1.3 Давање одобренија на документи поднесени од пензиски друштва ........ 4

2. Контрола на пензиските друштва ........ 4

2.1 Вонтеренска контрола ........ 4

2.2 Теренска контрола ........ 5

2.3 Активности на Комитетот за оценка на ризици ........ 6

3. Активности поврзани со членство ........ 6

3.1 Активности поврзани со постапување по жалби и поплаки ........ 6

3.2 Известување на распределени лица ........ 7

4. Деловни процеси и ИТ- опременост ........ 7

4.1 Активности за понатамошен развој на деловните процеси на Агенцијата ........ 7

4.2 Одржување на постојните софтверски решенија за деловните процеси поврзани со вториот и третиот столб на пензискиот систем ........ 8

5. Организирање на испит за агенти ........ 8

5.1 Организирање на испит за агенти ........ 8

5.2 Програма за испит за агенти ........ 9

5.3 Ажурирање на базата на прашања и практични примери ........ 9

6. Статистички анализи и изготвување на извештаи и планови ........ 9

6.1 Статистички анализи ........ 9

6.2 Изготвување на извештаи и анализи ........ 9

6.3 Изготвување на планови ........ 10

6.4 Оценување на целите на стратегискиот план ........ 10

7. Развојни проекти на капитално финансирано пензиско осигурување ........ 10

7.1 Постапување по препораки од мисијата на Светска банка и ММФ по извршената оцена на финансискиот сектор (ФСАП) ........ 10

7.2 Учество во проект за креирање на централен регистар на осигуреници (СИПА) ...... 10

8. Соработка со институции во земјата и во странство ........ 11

8.1 Соработка со институции во земјата ........ 11

8.2 Соработка со институции во странство ........ 11

8.3 Учество на средби и конференции организирани од ИОПС ........ 11

8.4 Активности поврзани со процесот на пристапување во Европската Унија ................11
9. Екипираност и обука ......................................................................................................12
9.1 Посета на стручни обуки на вработените на Агенцијата............................................12
9.2 Користење на проекти за консултантска мисија преку програмата ТАИЕКС од Европската комисија ......................................................................................................12
10. Едукација на јавноста и финансиска инклузија .............................................................12
11. Истражување на мислење на членовите на задолжителните пензиски фондови .......12
12. Јавни набавки и изготвување на финансиски план и финансиски извештаи.................13
12.1 Реализација на јавни набавки ....................................................................................13
12.2 Подготовка на Финансиски план на Агенцијата .........................................................13
12.3 Изработка на Финансиски извештаи на Агенцијата ....................................................13
13. Спроведување на системот за управување со квалитет и системот за управување со безбедност на информации ..............................................................................................13
14. Внатрешна ревизија .........................................................................................................14
15. Општествена одговорност ................................................................................................14
II. ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА..................14
III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА ..........................................................................................................15

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2021 година

Во Годишната програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) се содржани основните активности кои, во текот на 2021-та година, ќе ги врши Агенцијата, согласно член 47 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

# I. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата, во текот на 2021-тата година, преку својата програма за работа ќе ги реализира следните активности:

## 1. *Административно - правни работи*

### 1.1 Правни акти

Во текот на 2021 година Агенцијата ќе предложи измени на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

Агенцијата ќе продолжи со изготвување на нови и измени и дополнувања на постојни подзаконски акти кои произлегуваат од законите од областа на капитално финансирано пензиско осигурување.

Рок: во текот на 2021 година

### 1.2 Активности поврзани со работни односи

Агенцијата ќе ги изготви редовните планови и извештаи како што се: Годишен план за вработување, Годишен план за обуки на административните службеници, Годишен извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници, Полугодишен и годишен извештај за реализација на годишниот план за вработување, Полугодишен и годишен извештај за реализација на планот за обуки на административните службеници организирани од страна на Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА), Извештај со ранг листа на годишни оценки на административните службеници, како и други документи од областа на работните односи според нејзините потреби.

Рок: во текот на 2021 година

Агенцијата ќе продолжи со изготвување на нови и измени и дополнувања на постојните интерни акти кои произлегуваат од Законот за работните односи, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и други закони.

Рок: континуирано во текот на 2021 година

### 1.3 Давање одобренија на документи поднесени од пензиски друштва

Агенцијата ќе продолжи со давање одобренија/согласности за измени и дополнувања на документите поднесени од пензиски друштва и тоа за: избор на член во Управен или Надзорен одбор на друштвото, статут на друштвото, статут на задолжителниот и/или на доброволниот пензиски фонд, договори со правните лица кои вршат услуги со хартии од вредност, договор со чувар на имот и именување на раководно лице или на друго лице кое се предлага да биде одговорно за инвестициските одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања.

Рок: во текот на 2021 година, по барање на пензиските друштва.

## 2. *Контрола на пензиските друштва*

Агенцијата редовно ќе ја врши својата основна функција преку комбинација на вонтеренска и теренска контрола на пензиските друштва и на пензиските фондови.

### 2.1 Вонтеренска контрола

Со цел воочување на постојни проблеми и спречување на појавување на нови проблеми во работењето на пензиските друштва, Агенцијата ќе врши вонтеренска контрола која опфаќа:

- Контрола на зачленување и премин во пензиски фондови;
- Контрола на податоците од Регистарот на членови;
- Контрола на распределбата на придонесите на индивидуалните сметки на членовите во задолжителните пензиските фондови;
- Контрола на износот на главнината, сопствените средства и на износот и ликвидните средства на пензиските друштва;
- Контрола на материјалите и активностите за маркетинг на пензиските друштва;
- Контрола на работата на агентите на пензиските друштва;
- Контрола на надоместоците што ги наплатуваат пензиските друштва и чуварите на имот;
- Контрола на инвестициските активности на пензиските друштва со користење на средствата на пензиските фондови;

- Контрола на проценката на средствата на пензиските фондови;
- Контрола на сметководството и финансиските извештаи на пензиските фондови и на пензиските друштва;
- Контрола на извештаите од внатрешниот ревизор, од одговорното лице за управување со ризици и од овластениот актуар;
- Контрола на трансфер на средства меѓу пензиските фондови и од пензиските фондови;
- Контрола на исплатата на пензии и пензиски надоместоци од пензиските фондови;
- Контрола на трансакциите со хартии од вредност на лицата со пристап до доверливи информации во пензиските друштва и на чуварите на имот;
- Контрола на редовните известувања до Агенцијата;
- Поведување постапки за порамнување и барања за поведување прекршочни постапки и
- Контрола на материјалите и активностите во областа на перење пари и финансирање на тероризам.

Рок: континуирано во текот на 2021 година.

## 2.2 Теренска контрола

Теренската контрола ќе се спроведува непосредно во работните простории на пензиското друштво и на чуварот на имот преку интервјуа со менаџерскиот тим и со вработените во пензиското друштво и во чуварот на имот, а завршува во просториите на Агенцијата, преку анализа на документи доставени од друштвото и од чуварот на имот и изготовка на Извештај и Записник од спроведена контрола.

Контролата ќе биде базирана врз методот на супервизија врз оценка на ризик и ќе ги опфати следните области:

- Управување и надзор на друштвото;
- Финансиски ризици;
- Оперативни ризици;
- Ризици поврзани со надоместоци на друштва;
- Ризици поврзани со податоци на членовите;
- Ризици за исплата на средства и
- Ризици поврзани со разбирањето и со свеста на јавноста.

Рок: втор и трет квартал од 2021 година.

Во текот на теренската контрола на работењето на пензиските друштва, ќе се спроведе и теренска контрола на работењето на чуварите на имот на пензиските фондови, за 2020 и 2021 година. Контролата ќе биде базирана врз методот на супервизија врз основа на оценка на ризик и ќе ги опфати следните области:

- Пресметки на нето-средствата и на сметководствената единица на пензиските фондови;
- Чување и евиденција на средствата на пензиските фондови;
- Следење на ограничувањата при инвестирањето на средствата на пензиските фондови и нивна усогласеност со законската и со подзаконската регулатива;
- Следење и известување за корпоративни настани.

Рок: втор и трет квартал од 2021 година.

Во рамки на теренските контроли ќе се спроведе и контрола на деловните соработници на пензиските друштва од аспект на нивна усогласеност со законската и подзаконската регулатива.

Рок: втор и трет квартал од 2021 година.

### 2.3 Активности на Комитетот за оценка на ризици

Како дел од редовната оценка и ревидирање на ризиците во капитално финансираното пензиско осигурување, во рамки на Агенцијата постои Комитет за оценка на ризици, кој се состои од внатрешните членови на Советот на експерти, од Стручниот колегиум на Агенцијата и од раководителите на одделенијата во секторите финансиска и институционална контрола. Комитетот ги врши следните активности:

- Оценка и ревизија на ризиците во капитално финансираното пензиско осигурување и утврдување постоење или можна појава на нови ризици;
- Разгледување на усвоените извештаи и записници од извршена контрола;
- Разгледување на најновите случувања во капитално финансираното пензиско осигурување или на финансиските пазари што можат да влијаат на проценките на ризиците;
- Разгледување на ефективноста на стратегиите за ублажување на ризиците и врз основа на тоа, предлагање измени на стратегијата и на годишниот план на Агенцијата.

Рок: во текот на 2021 година.

## 3. *Активности поврзани со членство*

### 3.1 Активности поврзани со постапување по жалби и поплаки

Агенцијата ќе продолжи со постапување по жалби, поплаки и други поднесоци со цел заштита на интересите на сегашните и на идните членови на пензиските фондови. Агенцијата ќе постапува по поплаки од: осигуреници, членови на задолжителни или на доброволни пензиски фондови, агенти, пензиски друштва и други лица кои сметаат дека се повредени нивните права од капитално

финансирано пензиско осигурување. Постапувајќи по жалби, поплаки и други поднесоци, Секторот за институционална контрола ќе предлага преземање конкретни активности и мерки. Секторот за институционална контрола ќе води постапки за остварување на правата на членовите на пензиските фондови и, воопшто за повреда на правата и на интересите на осигурениците и на членовите на задолжителните или на доброволните пензиски фондови.

Рок: во текот на 2021 година.

### 3.2 Известување на распределени лица

Агенцијата редовно ќе ги известува времено распределените осигуреници во задолжителните пензиски фондови за тоа дека имаат законски рок од три месеци да склучат договор за членство со едно од трите пензиски друштва. Имено Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија времено ги распределува осигурениците во задолжителен пензиски фонд од денот на нивното пристапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување. При распределбата на осигурениците во задолжителните пензиски фондови, Агенцијата обезбедува бројот на осигурениците кои се распределуваат во секој одделен задолжителен пензиски фонд да се определи според приносот на задолжителниот пензиски фонд и висината на надоместокот што го наплатува друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд. Осигурениците кои нема да потпишат договор за членство во рок од три месеци од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, по истекот на тој рок стануваат членови на задолжителниот пензиски фонд во кој биле распределени од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Рок: во текот на 2021 година.

## 4. *Деловни процеси и ИТ- опременост*

### 4.1 Активности за понатамошен развој на деловните процеси на Агенцијата

За понатамошен развој на деловните процеси на Агенцијата, во 2021-тата година, поврзани со функционирањето на вториот и на третиот пензиски столб (ажурирање и унапредување) ќе бидат опфатени следните активности:

- Следење и ажурирање на автоматизираните деловни процеси и на софтверските апликации кои се дел од вонтеренската контрола на пензиските друштва.
- Унапредување на процесите по согледување на проблемите во тековното работење или на барање на инволвираните институции.

- Анализа и оспособување на постојните деловни процеси и на софтверските апликации согласно измените за законите и подзаконските акти.
- Идентификација на нови деловни процеси и нови контроли во рамки на Агенцијата кои произлегуваат од имплементација на Системот за управување со безбедност на информации согласно ISO/IEC 27001:2013-стандардот.
- Развој на процеси за информатичка супервизија базирана на оцена на ризици.

Рок: во текот на 2021 година.

### 4.2 Одржување на постојните софтверски решенија за деловните процеси поврзани со вториот и третиот столб на пензискиот систем

Одржување на постојните софтверски решенија за деловните процеси поврзани со вториот и со третиот столб, во соработка со софтверска куќа е планиран развој на нови софтверски решенија врз основа на деловните процеси произлезени од имплементација на Системот за управување со безбедност на информации согласно ISO/IEC 27001:2013-стандардот како и предлог решенија за законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансираното пензиско осигурување и промените на други законски и подзаконски акти.

Рок: во текот на 2021 година.

## 5. *Организирање на испит за агенти*

### 5.1 Организирање на испит за агенти

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Правилникот за агенти на пензиски друштва, Агенцијата ќе го спроведува испитот за стекнување својство на агенти, двапати годишно, ќе издава уверение за положен испит за агент и ќе врши регистрација на агенти во Регистарот на агенти. Испитот ќе се полага на целата материја од областа на капитално финансирано пензиско осигурување и исплата на пензии од капитално финансирано пензиско осигурување. Испитните сесии ќе се организираат доколку постои интерес од страна на пензиските друштва за пријавување на кандидати за полагање испит за стекнување својство агент и регистрација во Регистарот на агенти. Испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар, избрано од Агенцијата.

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување Агенцијата ќе врши и ревизија на секој спроведен испит, за што ќе изготвува извештај.

Рок: прв, втор и четврт квартал од 2021 година.

### 5.2 Програма за испит за агенти

Агенцијата ќе врши ажурирање на Програмата за полагање на испит за агенти на пензиските друштва согласно со измените на релевантните законски и на подзаконски акти.

Рок: во текот на 2021 година.

### 5.3 Ажурирање на базата на прашања и практични примери

Агенцијата ќе врши ревизија и ажурирање на базата на прашања и базата на практични примери, односно ќе измени или целосно отстрани и замени со нови најмалку 30% од базата на прашања и практични примери, најмалку два пати во годината.

Рок: во текот на 2021 година.

## 6. *Статистички анализи и изготвување на извештаи и планови*

### 6.1 Статистички анализи

Агенцијата ќе врши статистички анализи на капитално финансираното пензиско осигурување, односно на функционирањето на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови и ќе врши статистичко и аналитичко известување, што подразбира изготвување и објавување, на веб-страницата на Агенцијата, на:

- Месечни билтени,
- Квартални статистички извештаи и
- Годишен статистички извештај.

Рок: во текот на 2021 година.

### 6.2 Изготвување на извештаи и анализи

Агенцијата ќе изготви извештаи и анализи на капитално финансираното пензиско осигурување и тоа:

- Извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување за 2020 година.

Рок: втор квартал од 2021 година.

- Истражувања и компаративни анализи и извештаи за теми што се релевантни за капитално финансираното пензиско осигурување.

Рок: во текот на 2021 година.

- Извештаи за следење на новости од областа на капитално финансираното пензиско осигурување.

Рок: во текот на 2021 година.

- Извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2020 година.

Рок: прв квартал од 2021 година.

### 6.3 Изготвување на планови

Агенцијата ќе изготви Годишна програма за работа на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година.

Рок: четврт квартал од 2021 година.

### 6.4 Оценување на целите на стратегискиот план

Агенцијата ќе изготви годишно оценување на поставените цели и мерки во Стратегиски план на Агенцијата за период 2021 – 2025 година.

Рок: четврто тримесечје од 2020 година

## 7. *Развојни проекти на капитално финансирано пензиско осигурување*

### 7.1 Постапување по препораки од мисијата на Светска банка и ММФ по извршената оцена на финансискиот сектор (ФСАП)

Агенцијата ќе преземе активности во насока на спроведување на препораките од ФСАП мисијата на Светска банка.

Рок: во текот на 2021 година.

### 7.2 Учество во проект за креирање на централен регистар на осигуреници (СИПА)

Агенцијата ќе учествува во активностите поврзани со проектот на Светска банка за унифициран централен регистер и систем за регистрација на податоци од социјално и пензиско осигурување.

Рок: во текот на 2021 година.

# 8. *Соработка со институции во земјата и во странство*

## 8.1 Соработка со институции во земјата

Агенцијата ќе продолжи да ја унапредува соработката со институциите во земјата, со кои Агенцијата има потпишано договори за соработка на редовна основа или по потреба со цел да обезбеди ефикасна супервизија. Исто така, Агенцијата ќе продолжи со иницирање на потпишување нови договори за соработка.

Рок: во текот на 2021 година.

## 8.2 Соработка со институции во странство

Агенцијата ќе продолжи да ја унапредува соработката со институциите во странство, со кои Агенцијата има потпишано договори за соработка на редовна основа или по потреба, а со цел да обезбеди ефикасна супервизија. Исто така, Агенцијата ќе продолжи со иницирање на потпишување нови договори за соработка.

Агенцијата ќе продолжи со иницирање средби со регулатори на пензиски фондови од други земји, со цел – размена на искуства од областа на пензискиот систем.

Рок: во текот на 2021 година.

## 8.3 Учество на средби и конференции организирани од ИОПС

Агенцијата ќе продолжи да учествува на средбите и на конференциите организирани од ИОПС (Меѓународна организација на пензиски супервизори) каде што Агенцијата е членка од 2007 година.

Рок: Во утврдените термини во 2021 година.

## 8.4 Активности поврзани со процесот на пристапување во Европската Унија

Агенцијата ќе учествува во изготвување на Национална програма за усвојување на правото на Европската унија и ќе дава придонес во Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија и ќе учествува на работните состаноци и поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција и поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика.

Рок: во текот на 2021 година.

## 9. *Екипираност и обука*

### 9.1 Посета на стручни обуки на вработените на Агенцијата

Вработените во Агенцијата ќе продолжат да посетуваат стручни обуки од областа на ИТ, прописи, супервизија на пензиски друштва и фондови, пазари на капитал, актуарство, ИСМС, ИСО-стандардите итн.

Исто така, секој вработен континуирано ќе посетува генерички обуки предвидени во Годишната програма за обуки на Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА), согласно индивидуалниот план за стручно усовршување.

Рок: во текот на 2021 година.

### 9.2 Користење на проекти за консултантска мисија преку програмата ТАИЕКС од Европската комисија

Агенцијата ќе продолжи да поднесува барања до Европската комисија за користење проекти за консултантска мисија преку програмата ТАИЕКС (TAIEX).

Рок: во текот на 2021 година.

## 10. *Едукација на јавноста и финансиска инклузија*

Согласно законските обврски, Агенцијата во 2021 година ќе ја продолжи комуникацијата со јавноста со цел нејзина континуирана промоција од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување.

Активности: интервјуа, прес конфренции, ден за пензиска свесност - 15 септември, изготовка на квартални информатори Е-МАПАС, едукации за јавноста, информативна кампања, изјави и соопштенија за јавноста во пишани и електронски медиуми, следење на медиумските објави поврзани со МАПАС и редовно ажурирање на веб страницата на Агенцијата.

Рок: во тек на 2021 година

## 11. *Истражување на мислење на членовите на задолжителните пензиски фондови*

Агенцијата ќе организира истражување на мислењето на членовите на задолжителните пензиски фондови преку прашалници и анкетни примероци за истражување. Истражувањето ќе го спроведе соодветно избрано правно лице.

Рок: втор квартал на 2021 година.

## 12. *Јавни набавки и изготвување на финансиски план и финансиски извештаи*

### 12.1 Реализација на јавни набавки

За потребите на Агенцијата, Секторот за финансиско-административни работи ќе спроведе активности за реализација на јавни набавки, врз основа на претходно усвоен Годишен план за јавни набавки, во согласност со Законот за јавни набавки.

Рок: континуирано во текот на 2021 година.

### 12.2 Подготовка на Финансиски план на Агенцијата

Секторот за финансиско-административни работи ќе подготви Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година.

Рок: четврт квартал од 2021 година.

### 12.3 Изработка на Финансиски извештаи на Агенцијата

Секторот за финансиско-административни работи ќе изработува финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2020 година.

Рок: во текот на 2021 година.

## 13. *Спроведување на системот за управување со квалитет и системот за управување со безбедност на информации*

Согласно обврските од системот за управување со квалитет Агенцијата во 2021 година ќе продолжи да го одржува системот за управување со квалитет и управувањето со документите кои што произлегуваат од ИСО стандардите 9001 и 27001. Во 2021 година ќе се спроведат редовни внатрешни контроли на системот за управување со квалитет, според претходно изготвениот Распоред за контрола за 2021 година, како и ќе биде спроведена надворешна контрола за ресертификација.

Продолжување на започнатите активности околу спроведување на стандардот за управувањето со ризици 31001 соглсно ИСО стандардите.

Рок: во тек на 2021 година.

## 14. *Внатрешна ревизија*

Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот.

Внатрешната ревизија ќе ги врши работите кои се однесуваат на: планирање, организирање и спроведување на ревизии согласно законските и подзаконските акти и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија. Исто така, внатрешната ревизија ќе ги остварува своите основни цели преку систематско оценување и давање препораки за подобрување на процесот на управувањето со ризиците, соодветноста и ефективноста на внатрешните контроли и усогласеноста на работењето со важечките прописи, интерните акти и процедури на Агенцијата. Внатрешната ревизија врши ревизии и изготвува ревизорски извештаи, врз основа на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија.

Рок: во тек на 2021 година.

## 15. *Општествена одговорност*

Агенцијата во текот на 2021 година планира да презема активности за одржлив развој и зачувување на животната средина, со поддршка на нашето општество преку одговорен однос кон околината и еколошкиот напредок. Агенцијата ќе воспостави соработката со Министерството за животна средина и просторно планирање, со здруженијата и институциите и ќе организира заеднички еко акции со цел подобрување на нашата околина и животната средина.

Рок: во тек на 2021 година

# II. ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Активностите од Годишната програма за работа на Агенцијата е предвидено да се финансираат од сопствените приходи што Агенцијата ќе ги реализира во текот на 2021 година, согласно одредбите за финансирање на Агенцијата, пропишани со член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Проценетите приходи и расходи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се презентирани во Годишниот финансиски план за 2021 година, со образложение за висината на планираните приходи и расходи.

## III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето на огласната табла и на веб- страницата на Агенцијата.

Подготвил: Илир Адеми

Проверил: Дарко Саздов

Претседател на Советот на експерти,

Максуд Али

Прилог: Табеларен приказ на динамиката на работните активности на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2020 година

| ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДИНАМИКАТА НА РАБОТНИТЕ АКТИВНОСТИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Активност | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
| **1** | Административно – правни работи | | | | | | | | | | | | |
| 1.1 | Правни акти | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 1.2 | Активности поврзани со работните обврски | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 1.3 | Давање одобренија на документи поднесени од пензиски друштва | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| **2** | Контрола на пензиските друштва | | | | | | | | | | | | |
| 2.1 | Вонтеренска контрола | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2.2 | Теренска контрола | | | | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | |
| 2.3 | Комитет за оцена на ризици | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Активности поврзани со членство | | | | | | | | | | | | |
| 3.1 | Активности поврзани со постапување по жалби и поплаки | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 3.2 | Известување на распределени лица | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 3.3 | Премин на членови од еден во друг задолжителен пензиски фонд и од еден во друг доброволен пензиски фонд | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| **4** | Деловни процеси и ИТ-опременост | | | | | | | | | | | | |
| 4.1 | Активности за понатамошен развој на деловните процеси на Агенцијата | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 4.2 | Одржување на постојните софтверски решенија | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | Организирање на испит за агенти | | | | | | | | | | | | |
| 5.1 | Организирање на испит за агенти | | | | √ | √ | √ | | | | √ | √ | √ |
| 5.2 | Програма за испит за агенти | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 5.3 | Ажурирање на базата на прашања и практични примери | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| **6** | Статистички анализи и изготвување на извештаи и планови | | | | | | | | | | | | |
| 6.1 | Статистички анализи | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 6.2 | Изготвување на извештаи и анализи | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 6.3 | Изготвување на планови | | | | | | | | | | √ | √ | √ |
| | | | | | | | | | | | | | |
| **7** | Развојни проекти на капитално финансирано пензиско осигурување | | | | | | | | | | | | |
| 7.1 | Постапување по ФСАП мисијата на Светска банка | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.2 | Учество во проект за креирање на централен регистар на осигуреници | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 8 | Соработка со институции во земјата и во странство | | | | | | | | | | | | |
| 8.1 | Соработка со институции во земјата | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 8.2 | Соработка со институции во странство | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 8.3 | Учество на средби и конференции | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 8.4 | Активности поврзани со процесот на пристапување во Европската Унија | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 9 | Екипираност и обука | | | | | | | | | | | | |
| 9.1 | Посета на стручни обуки на вработените | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 9.2 | Користење на проекти за консултантска мисија преку | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | програмата ТАИЕКС | | | | | | | | | | | | |
| **10** | Едукација на јавноста и финансиска инклузија | | | | | | | | | | | | |
| 10.1 | Едукација на јавноста | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 11 | Истражување на мислење на членовите на задолжителните пензиски фондови | | | | | | | | | | | | |
| 11.1 | Истражување на мислење на членовите на задолжителните пензиски фондови | | | √ | √ | √ | | | | | | | |
| **12** | Јавни набавки и изготвување на финансиски план и Финансиски извештаи | | | | | | | | | | | | |
| 12.1 | Јавни набавки | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 12.2 | Подготовка на Финансиски план | | | | | | | | | | √ | √ | √ |
| 12.3 | Изработка на Финансиски извештаи на Агенцијата | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| **13** | Спроведување на системот за управување со квалитет | | | | | | | | | | | | |
| 13.1 | Спроведување на системот за управување со квалитет | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| **14** | Спроведување на внатрешна ревизија | | | | | | | | | | | | |
| 14.1 | Спроведување на внатрешна | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ревизија | | | | | | | | | | | | |
| **15** | Општествена одговорност | | | | | | | | | | | | |
| 15.1 | Општествена одговорност | | | √ | √ | | | | | | √ | √ | |